Синдикална минимална кошница за месец мај 2025 година

Вредноста на синдикалната минимална кошница за месец мај 2025 година изнесува 63 908,00 денари, споредена со вредноста на синдикалната минимален кошница за месец април 2025 год. која изнесува 62 691,00 денари е зголемена за 1 217,00 денари. Со изнајмен стан од 60 квадрати за месец март изнесува 79 283,00 денари.

Структура на новата СМК за месец мај 2025 година

	Месечно по домаќинство	Структура во проценти
01 Храна и пијалаци	22.434	35,1
02 Облека и обувки	5.665	8,9
03 Станарина, вода, електрична енергија, и греење	6.096	9,5
04 Лична хигиена и оддржување на хигиена во домот	2.610	4,1
05 Здравје	1.185	1,9
06 Транспорт	4.652	7,3
07 Комуникации	3.417	5,3
08 Рекреација и култура	5.592	8,7
09 Образование	7.027	11,0
10 Ресторани и хотели	4.131	6,5
11 Останати стоки и услуги	1.100	1,7
Вкупно СМК	**63.908**	**100,0**

03.	Станарина, вода, електрична енергија и греење (со изнајмен стан 60м2)	21.471	
Синдикална минимална кошница вкупно:		79.283	100 %

Кај храната и пијалоци во Синдикалната минимална кошница кој за мај 2025 изнесува 22.434,00 денари споредeн со април 2025 година (21 480,00 денари) е зголемена за 954,00 денари.